Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Одделение за континуирана обука
Сектор за обуки
13/10/2020

Архивски број: 11-280/2
До: Претседателот на Адвокатска комора на Република Северна Македонија
Г. Љубомир Михајловски

Предмет: Известување за советување на тема „ Правните лекови во постапките за упис во трговскиот регистар во корелација со правната заштита предвидена со Законотза трговските друштва и другите закони", 11 ноември 2020 година (среда)

Почитуван г. Михајловски,

Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев во соработка со Комисија за хартии од вредност на РСМ и Стопанска комора на Македонија организира советување на тема „Правните лекови во постапките за упис во трговскиот регистар во корелација со правната заштита предвидена со Законот за трговските друштва и другите закони " кое е предвидено да се одржи на 11 ноември 2020 година (среда), во просториите на Стопанска комора на Македонија, 5-ти кат, сала 4.

Советувањето е наменето за судии од граѓански оддели и стручни соработници од сите апелациони подрачја и судии на Управен и Виш управен суд.

Заради успешна реализација на советувањето, Ве молиме за учество да бидат номинирани сите заинтересирани претставници од Вашата институција, а за нивните имиња Ве молиме да бидеме известени не подоцна од 19 октомври 2020 година (понеделник) на тел. 02/2401-568 или на e-mail: Sonja.Mojsovska@jpacademy.gov.mk.

Воедно, Ве известуваме дека бројот на учесници е ограничен на вкупно 20 .

Предлог програмата согласно која ќе се одвива советувањето, Ви ја доставуваме во прилог на овој допис.

Исто така, Ве известуваме дека Академијата и партнерите ја следат ситуацијата во врска со препораките и мерките за спречување на внесување и ширење на Коронавирусот-КОВИД 19 како и Протоколите во организирањето на ова советување.

Срдечно Ве поздравуваме и Ви благодариме за соработката.

Со почит,

Директор,
Проф. д-р Наташа Габер-Дамјановска

Подготвил: м-р Соња Мојсовска
Предал: Анела Јанковска
Прегледал: м-р Сања Пандилова


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk